**Влада на Република Северна Македонија**

Бр.40-678/22
Скопје, 6 јули 2021 година

ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

С К О П Ј Е

**И З В А Д О К**
**од Нацрт – записникот од Осумдесет и шестата седница**
**на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 6 јули 2021 година**

„ТОЧКА 61: Прашања и предлози

Владата по повод Барањето од Туристичко-угостителската комора при Сојузот на стопански комори на Македонија за изменување на Протоколот за организирање свадби / прослави и веселби, како и врз основа од расправата на седницата на Владата, заклучи:

1. Да се дозволи послужување на најмногу осум лица на една маса со задолжително почитување на пропишаното растојание помеѓу секој гостин и растојание помеѓу масите, во угостителските објекти кои се регистрирани за прослави (веселби, свадби, родендени, крштевки и слично), имајќи ја предвид големината на масите за послужување.

2. Да се дозволи послужување на гости на маси за стоење и на шанк, во отворениот и затворениот дел на угостителските објекти кои се регистрирани за прослави (веселби, свадби, родендени, крштевки и слично), угостителските објекти за исхрана, кафетериите и угостителскиот објект/дел за исхрана во угостителските објекти за сместување (хотел, мотел, хостел, пансион и друг објект за сместување).


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

Согласно ова, Владата донесе Одлука за изменување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена.“

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Мухамед Зеќири**

**ДОСТАВЕНО И ДО:**
-сите државни институции
-Заедницата на единиците на локалната самоуправа
-Секторот за односи со јавност на Владата на Република Северна Македонија
-стопанските комори во Република Северна Македонија

Подготвил: Зоран Брњарчевски
Контролирал: м-р Билјана Цоневска
Согласен: Љубица Р. Димовска
Снежана М. Пендовски
Одобрил: Дејан Јакимовски


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk